# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 5 Четврток, 28 Мај 2026 Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 366 212, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. *Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природна непогода-мраз на територијата на Општина Демир Капија..........................................................................................*
2. *Решение за утврдување престанок на мандат на вршител на должност директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија..........................................................................................*
3. *Решение за именување вршител на должноста-директор на Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија..........................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природна непогода-мраз на територијата на Општина Демир Капија**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природна непогода-мраз на територијата на Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 26.05.2026 година.

Број 09–432/1 Градоначалник на
28.05.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр.215/21 и 124/25) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РМ бр.98/05, 152/10 и 90/15 и "Службен весник на РСМ" бр.194/19), Советот на Општина Демир Капија на IX-та седница одржана на ден 26.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природна непогода-мраз на територијата на Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штети настанати од природна непогода-мраз која за зафати територијата на Општина Демир Капија во периодот од 02-05 мај 2026 година, во следниот состав:

- **Валентина Недева** - претседател
- **Диме Илов** - член
- **Стојанчо Богдановиќ** - член

**Член 2**

При процена и утврдување на висината на штетата, Комисијата ќе ја применува Методологија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РСМ" бр.181/21).

Проценетите штети, Комисијата ги евидентира на пропишани обрасци и табели согласно Методологијата.

**Член 3**

Комисијата во својата работа ќе соработува со надлежните државни органи, научно-стручни институции и по потреба ќе ангажираат и стручни лица – експерти од соодветната област по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Демир Капија.

**Член 4**

Цел на процената е утврдување на видот и обемот на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

**Член 5**

За својата работа Комисијата изработува Извештај за процената на штетите во вид на елаборат согласно Методологија за процена на штета од природни непогоди и други несреќи и истиот го доставува до Советот на Општина Демир Капија на разгледување и усвојување и до Владата на Република Северна Македонија.

На претседателот и на членовите на Комисијата за работата во комисијата им следува надоместок кој се определува во нето износ од по 5.000,00 денари.

**Член 6**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 418/3 Претседател на Совет на
26.05.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Мирјана Јаневски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Градоначалникот на

општина Демир Капија на ден 21.05.2026 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За утврдување престанок на мандат на вршител на должност директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија**

**1.** Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на вршител на должност на директорот ПЕТАР ЈОВАНОВ, поради истек на мандат на вршител на должност директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија, заклучно со ден 25.05.2026 година.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр.09-844/1 од 25.11.2025 година, Петар Јованов од Демир Капија е избран за вршител на должност директор на Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија, сметано од 26.11.2025 година.

Согласно член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија, градоначалникот на општината именува вршител на должност директор на јавното претпријатие, со мандат не подолго од 6 месеци.

Со оглед на тоа што гореименуваниот е избран за вршител на должност директор на јавното претпријатие од 26.11.2025 година, неговиот мандат завршува на 25.05.2026 година.

Поради горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 09–422/1 Градоначалник на
21.05.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Градоначалникот на општина Демир Капија на ден 21.05.2026 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување вршител на должноста-директор на Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија**

**1.**За вршител на должноста директор на јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија се именува ЗОРАН ЧЕСТОЕВ од Демир Капија, вработен во Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија.

**2.**Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на ЈКП Бошава Демир Капија.

**3.**Функцијата вршител на должност - директор ќе ја извршува сметано од 26.05.2026 година до избор на дирекор на ЈКП Бошава Демир Капија, но не подолго од шест месеци.

**4.**Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение на Градоначалникот на општина Демир Капија бр.09-422/1 од 21.05.2026 година, на Петар Јованов – вршител на должност директор на Јавно претпријатие за комунални работи БОШАВА од Демир Капија му престанува мандатот, заклучно со 25.05.2026 година.

Петар Јованов од Демир Капија, дипломиран шумарски инженер, е избран за вршител на должност директор на јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА од 26.11.2025 година, со мандат не подолго од 6 месеци, односно до 25.05.2026 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, до изборот на нов директор Градоначалникот го именува ЗОРАН ЧЕСТОЕВ од Демир Капија, вработен во Јавното претпријатие за комунални работи БОШАВА Демир Капија за вршител на должноста директор на јавното претпријатие, односно донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна има право на жалба против ова решение од рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 09–424/1 Градоначалник на
21.05.2026 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Наталија Димитриева с.р.